There are no translations available.

По спроведената тендерска постапка, заедно со претставникот на избраниот изведувач на работите „Градба промет“-Кавадарци денеска го потпишавме договорот за реализација на проектот „Уредување на околината на Саат-кула“ кој е со вкупна вредност од 101.630,53 евра. Проектот опфаќа уредување на просторот со хортикултура, поставување на урбана опрема, поставување на детски играчки и реквизити, изведба на паркинг-места за велосипеди и автомобили, како и поставување на електрика, водоводо и канализација. Инаку, врз основа на договорот за партнерство и договорот за субвенционирање на проектот WINE-UP-CN2-SO1.3-SC052 од 08.10.2021. Општина Неготино во рамки на проектот „Подобрување на прекугранично винско искуство за локален развој“ со акроним wine-up ја реализира проектната активност „Подобрување на атрактивностите за развој на туризмот преку реализацијата на проектот „Уредување на околината на Саат-кула“ во Неготино.

